**Минуваме на точка 1 - Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година - второ читање**

Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година ви е доставен.

Врз основа на член 180 од Деловникот на Собранието се води претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот како по предлог на закон во второ читање, со тоа што е задолжителен општ претрес.

Врз основа на член 180-б од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието, претресот по предлогот за изменување и дополнување на Буџетот трае најмногу пет дена.

Го молам министерот за финансии господинот Зоран Ставрески да го презентира Дополнителниот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Дозволете на почетокот на дебатата за ребалансот на Буџетот за 2014 година да ве поздравам и да посакам ефикасна и конструктивна дебата. Буџетот претставува најзначаен инструмент за економската политика и од тој аспект сметам дека е битно да констатираме и да потенцираме дека и со измените со ребалансот што се предлага Буџетот на Република Македонија и натаму ќе остане на основните параметри и на основните цели кои што се зачувување на фискалната и макроекономската стабилност и поддршка на економскиот раст преку реализација на инфраструктурни проекти.

Општиот економски амбиент во кој што се носи ребалансот на Буџетот за 2014 година во глобалната економија, а посебно во европската економија не е поволен заради случувањата во Украина и затекнувањето на кризата таму, како и затегнатите политички односи и економски односи предизвикани со состојбите во Украина. Од тие причини европската економија не ги остварува оние резултати што се очекуваат на почетокот на годината. Растот на европската економија во вториот квартал од 2014 година според првите проценки изнесува 1,2% што е помалку од предвидувањата претходно кои беа дека растот на економијата ќе изнесува 1.4%. Закрепнувањето на европската економија е ранливо имајќи предвид посебно дека Германија како генератор и локомотива на економскиот раст во Европа во вториот квартал во 2014 година имаше раст 1,3% што претставува значително забавување во однос на првиот квартал од годината кога истиот во Германија изнесуваше 2,2%. На квартално ниво стапката на БДП во Германија, значи втор квартал спрема прв квартал е и негативна - 0,2% и доколку ваквиот тренд продолжи се разбира тоа не се најдобри вести за потенцијалот за раст на европската економија во 2014 година.

Во вакви околности македонската економија во 2014 година покажува позитивни економски движења и резултатот од првиот квартал е секако задоволителен. БДП се зголеми за 3,9% што е меѓу најдобрите остварувања во Европа во истиот период. Висок придонес во растот има градежништвото со 13,7% раст во првиот квартал во годината, додека индустриското производство исто така продолжи со позитивните движења и во првите седум месеци од годината оствари раст од 4,7%.

На расходната страна бруто инвестициите се тие што го движеа економскиот раст. Во првиот квартал имавме извонредно висок пораст на бруто инвестициите од 26,5% што ја рефлектира зголемената градежна активност и растот на увозот на инвестициони добра, главно за компаниите во слободните економски зони и секако во тој дел треба да го истакнеме и придонесот на капиталните проекти реализирање преку Буџетот на Република Македонија. Извозот во првите пет месеци во годината се зголеми за 13% што е исто така добар резултат, а увозот за 6,8%. Значајно е што продолжи трендот на промена на структурата на извозот во насока на зголемување на извозот на стоки со повисока додадена вредност и со повисока технолошка вредност што секако е резултат на производството на компаниите и капацитетите во слободните зони и индустриските зони. Во тие околности странските директни инвестиции во првите шест месеци во годината достигнаа 132,5 милиони евра и се повисоки за 12% споредено со истиот период од 2013 година.

Девизните резерви се одржуваат на задоволително ниво, што покрива околу 4,5 месеци увоз. Ваквите економски остварувања се одразија и на реалниот сектор и посебно на пазарот на работна сила каде што продолжи позитивниот тренд на намалување на невработеноста и зголемување на бројот на вработени. Во првиот квартал од 2014 година последниот податок со кој располагаме од Статистика бројот на вработени се зголеми за 17320 лица, а стапката на невработеност се сведе на 28,4% што е најниско ниво во последните 17 години откога се мери стапката на невработеност од страна на Државниот завод за статистика. Ваквите околности го детерминираа и движењето на позициите во Буџетот и на приходната страна, а соодветно и рахсодната страна.

Би сакал да истакнам дека во периодот јануари - јули на приходната страна беа реализирани вкупно 81.429.000.000 денари буџетски приходи од кои даночните приходи се 72.562.000.000 денари. Најголем дел од тоа се наплатени по основ на ДДВ, приходите од социјални придонеси се остварија точно како што беа планирани

24.920.000.000 денари од што 16.769.000.000 денари се приходи за пензиско осигурување и 7.088.000.000 денари се здравствено осигурување.

Во првите седум месеци од 2014 година неданочните приходи достигнаа 5.818.000.000 денари, а капиталните приходи 1.388.000.000 денари. Во истиот период континуирано се спроведуваше политиката на дисциплинирано трошење на буџетските средства во делот на тековните расходи и следење на динамиката на реализација на капиталните расходи преку редовна и навремена исплата на обврските за капиталните проекти. Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2014 година се реализираа во износ од 96.867.000.000 денари. Расходите за плати беа во рамките на предвидувањата, како и расходите за стоки и услуги во истите редовно се сервисираа обврските на буџетските корисници и редовно се исплаќаа сите компании кои што работат со државата во тој дел.

Во делот на обврските по основ на пензии, социјални права, имавме зголемување на пензиите кое што се реализираше во просек од 5% почнувајќи со исплатата на февруарската пензија и во исто време зголемување на социјалната помош за 5% која што се исплати во март 2014 година и понатаму имавме редовна исплата на сите социјални права како и на пензиите согласно овие зголемени износи. За финансирање на здравствените услуги се исплатија 12,5 милијарди денари во периодот на јануари - јули 2014 година.

Кон општините од Буџетот на Република Македонија трансферираме 8.135.000.000 денари во форма на блок дотации за финансирање на пренесените надлежности и наменски дотации за финансирање на материјалните трошоци како и дополнителни 866 милиони денари од приходот остварен од ДДВ.

Навремената исплата на субвенциите во земјоделството продолжи во 2014 година и во анализираниот период исплативме вкупно 4,9 милијарди денари како директна поддршка на земјоделците во Република Македонија.

Капиталните расходи се реализираа во износ од 9.639.000.000 денари. Тие опфатија голем број на крупни проекти во кој што рамки секако внимание заслужува реализацијата на Коридорот 10 која што се одвива и побрзо од планираното, инвестициите за реконструкција на железничката инфраструктура и на Коридорот 10 и Коридорот 8, подобрување на инфраструктурата во образованието преку реновирање на училишта и изградба на нови училишта, во здравството преку реновирање на ЈЗУ, комуналната инфраструктура преку реализација на водоводи, канализации и слично, изградба на спортски сали, изградба на локални патишта и слично.

Како резултат на овие движења на приходната и расходната страна Буџетот во првите седум месеци оствари дефицит од 15.438.000.000 денари или 3,1% од БДП.

Дозволете сега накратко да ги образложам измените што се предлагаат со ребалансот на Буџетот за 2014 година

Со цел да се усогласи динамиката на реализација на расходите посебно во делот на инфрструктурните проекти со динамиката на приходи се предлага мини ребаланс на буџетот со кој што се врши корекција на приходната и на расходната страна која што е помала од 2% и што преставува мал ребаланс на буџетот, но потребен за да се заврши годината така како што се планираше со фискална дисциплина и задржување на главните параметри на фискалната политика во проектираните рамки. При тоа на приходната страна со предложениот ребаланс се признаваат приходите од самофинансирачки активности од милијарда и 78 милиони денари кои што буџетските корисници ги остварија по следниве основи: од ИПА средствата 706 милиони денари за склучени договори од првата компонента помош при транзиција и четвртата компонента развој на човечки ресурси. За реконструкција на Институтот за белодробни заболувања во Министерството за здравство донација од 98 милиони денари од Советот на Европа. за Проектот за општествена одговорност во Министерството за економија 38 милиони денари од донација од Европската комисија. За изградба на станови за бегалци, прифатни центри, Стратегија за Роми, влезен билет за ИПА во Министерството за труд и социјална политика приход од 32 милиони донација од УНХЦР и ИПА. За хидросистемот Злетовица во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донација во износ од 25 милиони денари. Во делот на социјалните придонеси, промената е помала од 1% при што истите се ревидирани на ниво на 44 милијарди и 703 милиони денари. На расходната страна на буџетот извршено е ревидирање во следнава насока. Најголемиот износ на средства и најголемата промена што се прави со ребалансот на буџетот е обезбедување на дополнителни средства во износ од милијарда и 42 милиони денари за градба на Коридорот 10 автопатот од Демир Капија до Смоквица кој што се одвива со поинтензивна динамика од предвидувањата и како што знаете е планирано да се заврши до август 2016 година. Истовремено ова додавање на средства во оваа ставка предизвикува и мало зголемување на буџетскиот дефицит кој што се позиционира на 3,9%. Како резултат на состојбите во економијата во првиот квартал во годината и случувањата во индустриското производство исто така извршивме благо ревидирање на проекцијата на бруто домашниот производ кој што оди нагоре од 3,2 на 3,5% со потенцијал да биде и повисок од 3,5%, но отидовме со една релативно конзервативна варијанта и сметавме дека во секој случај е остварливо предвиденото зголемување на економската активност со 3,5%.

Во исто време е извршено намалување на расходната страна на расходите за стоки и услуги кои што се финансираат од основниот буџет како резултат на континуирана контрола во делот на расходите каде што тоа беше констатирано како одделни буџетски корисници и има реалокација во делот на социјални трансфери помеѓу средствата наменети за паричен надоместок, социјални права и пензии. Би сакал да истакнам дека кога станува збор за пооделни буџетски корисници ребалансот на буџетот имаше третман на подеднакво или приближно подеднаква промена кај сите буџетски корисници. Настојувавме со секој буџетски корисник преку разговорите што го имавме за ребалансот да констатираме во која состојба и од која динамика се реализираат проектите, како се обврските и на база на тоа таму каде што имаше можност и таму каде што заради една или заради друга причина некој проект побавно се реализира извршивме мало намалување но ниеден проект не е доведен во прашање ниту пак е доведено во прашање можноста за негова реализација. Од друга страна како што кажав обезбедивме дополнителни средства за реализација на стратешки проекти како што е Коридорот 10 и корекции во делот на расходите кај социјални права и кај масата на плати по одделни буџетски корисници без при тоа да се менува вкупниот износ за средства за овие намени.

Би сакал да истакнам дека заклучно со јули 2014 година. Како што знаете во текот на јули издадовме еврообврзница во износ од 500 милиони евра, вкупниот долг на централната Влада на Република Македонија изнесува 40,8% од бруто домашниот производ. Со тоа Република Македонија и натаму останува меѓу десетте земји во Европа со најмало ниво на долг, со умерено ниво на задолженост и таа политика ќе продолжи и во следниот период и како што знаете дополнително кредибилитетот и довербата и дисциплината во тој дел ќе биде зајакната преку уставните измени со кои што се предвидуваат во Уставот ограничувања за нивото на задолженост на Република Македонија. Меѓутоа сегашната состојба како и проекциите на Министерството за финансии за фискалната стратегија и стратегијата за долгот за следните три години укажуваат на тоа дека и натаму Република Македонија ќе остане земја со умерено ниво на задолженост. Со средствата од обврзницата обезбедени се доволно средства за финансирање на буџетот и она што следи во следните години. Значи за 2015 година практично извршивме пред финансирање, обезбедивме средства однапред за обврските што доспеваат во 2015 година и од тој аспект независно што има ризици на пазарот и што се случува заострување на економските и политичките односи Македонија го има обезбедено средствата и од тој аспект го избегнавме тој ризик во такви околности да треба да излегуваме на пазарот.

Очекувам врз основа на искажаното да дадете подршка на ребалансот на буџетот на Република Македонија со кој што и понатаму се задржува фискалната дисциплина и подршката на македонската економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Отворам општ претрес по Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на на буџетот на Република Македонија за 2014 година- второ читање.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Почитувани колеги пратеници, почитуван претседател, почитуван министер за финансии,

Денес на дневен ред го имаме ребалансот на буџетот кој што во пред дискусија од страна на министерот на кратко ни ги спомена сите промени кои што во овој миниребаланс ќе бидат извршени и јас се надевам дека овој миниребаланс ќе наиде на подршка кај сите пратеници. Имајќи во предвид дека ние и на Комисијата за финансирање и буџет дадовме подршка за тие измени и оценивме дека со ваквите измени нема да се промени ни случајно фискалната стратегија која што е зацртана во периодот до 2016 година. Сите макроекономски показатели и статистики кои укажуваат на една цврста стратегија определба на Република Македонија за задржување на сиет параметри кои што значат една состојба на умерена задолженост, на една состојба на контролирано задолжување кое што сепак се оценува и од страна на меѓународните институции меѓутоа, и од домашните експерти со исклучоци бидејќи се разбира дека сме во демократија и секој има право на избор во дискусиите. Она што останува единствено важно и како едно сидро во оваа политика е дека во услови на неменување на даночната политика Македонија спаѓа во земјите со најниски даноци, со една сигурност на сите оние кои сакаат да вложуваат во Македонија, ги следи случувања на меѓународните пазари, сите случувања кои се во моментов во Европската унија и превзема конкретни мерки за да се пресретне било каква измени од тие стратегии, затоа што македонското стопанство е врзана со Европската унија на тој план мислам дека имаме една стратегија која што е длабоко фиксирана во следниве параметри.

Прво, македонската економија, стратешка определба на Република Македонија со нејзината фискална стратегија за еден долгорочен и одржлив развој на финансии, а со тоа и се дава и главните насоки како да се инвестира и што да се прави со парите кои што се собрани од граѓаните. секако дека најбитен елемент е што Република Македонија се определува за инвестиции пред во инфраструктурата. Ако ја следиме динамиката на инвестирање и во останатите периоди во претходните години ќе утврдиме дека Република Македонија во своите задолжувања има

единствена задача да ги зголеми инфстраструктурните проекти, да вложи во патишта, да вложи во водовод, канализации и секаде каде што тоа е потребно, секаде каде што тоа е можно. Од ваков аспект, со оваа макроекономска политика, со оваа стратегија и со овој ребаланс продолжува трендот на развој на сите инвестиции кои што се во тек на Република Македонија. Деновиве можеме и да бидеме сведоци на сите статистички показатели кои што укажуваат дека градежните фирми се во тренд на експанзија и се задржува нивото на развој на одделот на градежништво од на 13,7% што во превод значи работа за сите наши градежни компании и тој тренд продолжува и со овој ребаланс на буџет, а деновиве имаме исто така информации за зголемување и на профитот на овие градежни фирми. Тоа исто така значи зголемување на работата на останатите не помалку од 25 придружни активности на други услужни дејности и мора да споменеме дека во тој сектор има над 50 илјади вработени кои се ангажирани во моментов, дури имаме недостаток на работна сила во градежниот сектор. Како фактор на ваквиот развој и на развој на бруто домашниот производ кој што секако има една тенденција на постојан пораст и во сликата на меѓународните институции Македонија се споменува како една од земјите кои што ја имаат таа генерална политика на умерен раст на бруто домашниот производ спаѓа индустриското производство кое расте со 4,7%, услужните дејности со 2,9% и сите останати порасти кои влијаат на македонската економија. ако имам време во моето излагање ќе ги спомнам и сите оние изградба на автопатишта, на железнички пруги што ја прават Македонија атрактивна за инвестициони вложувања, за понатамошни активности на меѓународните компании. Меѓутоа важно е да кажам во вакви околности каде што во Европа деновиве имаме прилика да ги слушаме и оценките и од европските врвни политичари каде што се запазува едно ретерирање во економските предвидувања и тековите на економиите каде што се признава дека имале погрешни политики во однос на стратегијата на штедење затоа што се замира инвестиционата активност. Дури и во Германија има извештаи дека е замрена инвестиционата активност. Таа е една од земјите каде што има големи инвестициски активности, меѓутоа заради политичките одлуки на штедење заради одредени други политики кои што се спроведуваат се замира дел од инвестициската активност дури и за 3% што е исклучително негативна појава и таму имаме негативен тренд на растот на бруто домашниот производ. Сите овие штедења, сите овие политики на штедење и ограничување на инвестициските активности во Европската унија, во 18 земји во еврозоната се покажаа дека таквите политики донесуваат на подолг рок, се мисли од 3 до 5 години, на зголемување на невработеност особено на населението кое што е помладо, па дури невработеност од над 50%. Во Европската унија дури станува збор за највисока невработеност во последниот од 12% што не било никогаш случај. Втората работа што е уште позначителна тоа е намалување на економскиот раст, дури имаме ние во моментов се случуваат рецесиони движења и инфлацијата е на особено загрижувачко ниско ниво од 0,4%. Сето ова влијае на ревидирање на ваквите политики кои што во времето кога опозицијата ја критикуваше оваа политика на Владата и политика на Министерството за финасии дека се земаат кредити кои се вложуваат во инфраструктурни проекти е погрешно и дека ние треба да настапиме со политики на штедење се покажа дека на долг рок е неоправдано и за цела среќа иако се наоѓаме во изразито тешки околности сепак мислам дека сме на правиот пат и овие инвестициони вложувања на долг рок на Македонија ќе донесат секако еден постабилен економски прогрес. За жал сите овие текови што се случуваат и деновиве секако дека ќе најдат и влијание врз економската состојба во Македонија затоа што ние не можеме да се изолираме од ваквите економски движења во Европа, ние сме пред се насочени и со извозот и со увозот од европските земји, поголем дел од нашиот извоз е концентриран спрема европските земји и до колку се случуваат било какви потреси и во било кој нареден период секако дека тоа ќе се рефлектира и врз нашите извозни компоненти. Како кажа министерот во овој период се менува значајно и квалитетот на структурата на извозот што се создава додадена вредност и до колку го следиме и тој баланс помеѓу извозот и увозот имаме постојано намалување на увозот за сметка на извозот. Секако дека ние и понатаму ќе бидеме увозна земја бидејќи многу производи не се произведуваат во Македонија, меѓутоа со една посебна утврдена долгорочна политика на вложување во странските директни инвестиции, во создавање услови на оние кои што сакаат да вложуваат во Република Македонија во вид на странски директни инвестиции кај тирзовите, во зоните кои се во постојан пораст ќе се компензираат сите тие негативни трендови бидејќи веќе се покажува за многу позитивно вложувањето во индустриски зони кои што создаваат новосоздадена вредност. Исто така покрај новосоздадената вредност која влијае и на зголемувањето на бруто домашниот производ во едни стабилни рамки, сеуште не се тие рамки кои би ги задоволиле еден поголем прогрес на македонската економија, меѓутоа барем се компензираат негативните движења или сите регресиони потенцијали кои што се создаваат на тлото на Европската унија бидејжи знаеме многу земји од Европската унија дека се во процес на рецесија и дека не успеваат со мерките кои што ги превземаат да се одлепат од тоа дно на една рецесија, на една нула или на негативен раст и сето тоа влијае и кај нас. Што би рекле во превод дека до колку се случи земјотрес на европско тло некаде подалеку илјадници километри од нас, секако дека ќе се почувствува и во Македонија. Можеби во помали размери бидејќи Македонија е

мала економија по обем, меѓутоа секако таа има една рефлексија врз нашите движења. Исто така не е на одмет да се каже дека деновиве во глобалниот извештај за конкурентност на светскиот економски форум ние сме скокнати за 10 места, ние сме на 63-то место, заедно со Бугарија сме балканска земја која во поглед на конкуретноста е една од најдобрите земји, бележи постојан пораст особено во делот на финансиските пазари што е особено значајно. Потоа во делот на иновации и работа на институциите и затоа мислам со еден индекс од 4,26%, од 1 до 7 се мери тој индекс ние сме некаде над половината од таа индексација што во економијата значи дека се дава право на тие политики кои што се трасирани дека имам прогрес што не значи дека во останатите делови не треба да ги вложиме и понатаму сите напори да станеме уште поконкуретни. Еве уште еден податок што говори за таа градежна експанзивност која придонесува за другите 25 услужни дејности покрај градежништвото да се развиваат во Република Македонија. Еден податок ќе ви кажам дека фабриката за цемент Усје има продадено во овој период од 2014 година близу 28 милиони евра материјал кој што се користи во градежништвото.

Мултиплицирано тоа знаете што значи за градежната индустрија, за услужните дејности кое ќе се рефлектира понатаму и врз вкупната и општата потрошувачка во Република Македонија. Не е на одмет да се каже дека имаме и стабилна монетарна политика, почитувани колеги, затоа што еве податоците на штедењето можат да ви дадат една насока. Ние имаме депозити во Република Македонија кои што се повеќе во денарски дел отколку во девизен дел, што значи дека граѓаните веруваат на денарот, граѓаните веруваат во нашата економија и тие штедат во денари. Исто така банкарските активности не се намалуваат, тие се зголемени во овој период и добро е што е потрошувачката зголемена, значи, таа да се одржува на едно стабилно ниво. Сега би сакала нешто да кажам, зошто се врши оваа корекција, особено во делот на изградба на патиштата. Почитувани колеги знаеме дека во овој период Македонија бележи еден од најсилните трендови на пораст во областа на изградбата на патишта, пораст во областа на изградбата на железничка инфраструктура и по тоа се мери ако сакате и учеството на земјата понатаму во меѓународните пазари, нејзината конекција со останатите земји бидејќи без добри конекции како во авио сообраќајот, така во патниот и железничкиот сообраќај ние не можеме да се одлепиме од онаа состојба дека Македонија и понатаму е неразвиена земја без добра инфраструктура и со тоа и да ги одвраќаме инвеститорите тука да дојдат и да пласираат свои средства. Значи сите овие збир на политики кои што се водат со години во една стабилна патека каде што не се менуваат условите на пазарот, каде што се зголемува стабилноста и на конкурентноста, каде што се зголемува и стабилната фискална политика каде што Македонија се покажува дека сите овие политики на долг рок ги трасира, укажуваат на едно постојано зголемување на таквите странски инвестиции кои што секако дека и понатаму ќе се градат бидејќи е недоволно овие инвестиции кои што се во Република Македонија не се доволни за еден голем економски раст, меѓутоа пак тие бележат постојан раст во однос на минатите години во услови на големи економски кризи. Тоа се показители реални кои што не може никој да ги оспорува и затоа велам дека таа стабилна политика донесува до резултати. Да не заборавиме дека во овој период во Република Македонија во областа на земјоделието пола милијарда евра се вложени. Земјоделците, секако но и оние кои не се земјоделци се повеќе се привлечени од субвенциите кои што ги дава земјата заради тоа што имаат и дополнителни дејности. Меѓутоа огромен број на домаќинства земјоделски живеат од земјоделието, тие се надеваат на овие средства и се покажува оправдана оваа анализа, бидејќи земјоделието со својот извоз како и претходната година, и оваа година се надевам дека ќе го продолжи својот тренд и дека ќе имаме извоз на земјоделски производи од над 400 милиони евра што е доволен показател дека вреди да се вложува во земјоделието, вреди да се вложува во механизацијата, подобрување на животот на земјоделците затоа што тие го заслужуваат тоа, а исто така паралелно со тоа да се водат политики на социјален план за сите социјални случаи. Секако дека ние не можеме сите случаи да ги решиме. Ние имаме недоволно средства да ги разрешиме сите проблеми особено во криза која трае предолго. Од 2008 година наваму се бориме многу интензивно се бориме со таквите движења на светско ниво и ние секако дека ги трпиме штетните последици, меѓутоа треба да ги сведуваме на што помало ниво, а доволен показател е дека процентот на невработеност постојано се снижува. И секако дека има многу полиња уште на кои што треба да придонесеме. Ништо не може да не убеди дека ние се преземаме што е во наша моќ, можеме уште повеќе да придонесеме. И јас би сакала во овие минути што ми преостануваат само да ги спомнам главните финансиски вложувања кои што значат крвоток за Република Македонија во областа на инвестициите, а тоа е еве следново само ќе ви го набројам изградба на Автопатот Демир Капија – Смоквица во должина од 28 километри таму се вложени 210 милијарди, изградба на Автопатот Миладиновци – Скопје – Штип 47 километри 226 милијарди, Автопатот Кичево – Охрид 57 километри вредност 411 милијарди, рехабилитација на Автопатот Велес – Катланово кој што е дел од Коридорот 10 5.674.000 евра, проектот експресен пат Велес – Штип до Кадрифаково 23,4 километри, проектот Карбинци – Зрновци – Виница околу 10,5 километри, проект изградба на патна делница Коњук – Бељаковце, значи Кратово – Куманово, исто така тој дел од 3 километри, клучката кај

Смилковци, обиколницата кај Скопје со кој што ќе се заокружи и тој дел од побрзо влегување и излегување од градот Скопје, изградба Опае – Бељаковце – Станчиќ кај границата со Косово 16 километри, изградба на регионален пат Скопје до Сончев Брег, довршување и рехабилитација на регионалниот пат Липково – Арачаниво во должина од 25 километри, рехабилитација на сите мостови кои што знаете вие кои проаѓате колеги секојдневно дека се во лоша состојба, се во статус на поправка, реновирање, доизградба на клучката Брвеница, осветлување на многу клучки и крстосници во Република Македонија каде што има околу 59 милиони денари вложување, осветлување на крстосниците на целиот потег на Република Македонија каде што е потребно. Исто така ние продолжуваме со вложување на сите свлечишта, ако сеќавате имавме многу критики за свлечиштето во Велес, меѓутоа се појавуваа за жал и други свлечишта кај Дебар, итн. Тие се во постојан и континуиран инвестиционен циклус и многу, многу други работи кои што еве колегите можеби јас не ги спомнав и нема време се да се спомне, кои што ќе укажат дека сето ова ќе придонесе Република Македонија навистина да биде една од земјите која што ќе биде карактеристика да има над 3,5 бруто домашен производ пораст и со тоа ние ќе бидеме за волја на сите граѓани едни од првите земји кои што навистина се грижат за нашата иднина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Ѓорѓи Коџабашиев има збор, повелете.

**Ѓорѓи Коџабашиев:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници, пред нас е предлогот за измени и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2014 година. На почетокот на мојата дискусија дозволете да истакнам дека јас ќе дадам поддршка на овие измени и дозволете да образложам зошто. Најнапред да истакнам, да ставам акцент на она што го кажа и министерот за финансии дека во услови на негативно економско опкружување, односно во услови на забавен односно намален раст на економијата во Европската унија како резултат на кризата односно војната во Украина во првиот квартал од 2014 година македонската економија бележи позитивни резултати односно имаме резултати подобри од предвидените и тоа се должи на политиките кои ги води Владата на Република Македонија за привлекување на странски инвестиции и секако буџетска поддршка на капиталните инвестиции и инфраструктурните проекти. Како резултат на сето тоа, бруто домашниот производ во првиот квартал на 2014 година оствари стапка од 3,9% и тоа како резултат на пораст на градежништвото 13,7%, индустриското производство од 4,5%, преработувачката индустрија од 10,3%, услужните дејности од 2,9% и земјоделието кое бележи исто така зголемен раст. Во првата половина од 2014 година извозот на македонските стоки и услуги е зголемен за 13,2%, додека увозот се зголемил за 6,8%. Значајна е секако и промената во структурата на производите кои се извезуваат односно се повеќе тоа се производи со висока технолошка вредност. Дефицитот на тековната сметка на платниот биланс се намали на 3% од бруто домашниот производ. Странските директни инвестиции изнесуваат 147 милиони евра што е за 54% повеќе за истиот период во 2013 година. Со ребалансот на Буџетот за 2014 година Република Македонија се предлага корекција на проекции за растот на бруто домашниот производ од 3,5 до 3,7%. Стапката на невработеност изнесува 28,4% и истата е за 1,5% пониска од истиот квартал во претходната година. Овие резултати, почитувани колеги, не се случајни, овие резултати се резултат на континуитет и конзистентност на водењето на економските, буџетските политики на Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ и ако земеме во обѕир и истакнеме дека буџетот е основен инструмент за водење односно за спроведување на економските политики, морам да истакнам дека во зависност од тоа какви економски односно буџетски политики води една Влада, такви ќе бидат и резултатите во растот на економијата односно показателите, односно економските индикатори според кои светските институции го мерат растот на една економија како што е економијата на Република Македонија, како што е растот на бруто домашниот производ, задолжувањето, јавниот долг, растот на вработувањето итн. Буџетската политика зависно од тоа како ја води една Влада може да резултира со намалување или зголемување на бруто домашниот производ, може да резултира со зголемување или намалување на вработеноста и висината на јавниот долг. Секако врз економскиот резултат големо влијание во една економија има и економското опкружување. Не е сеедно дали имаме позитивно економско опкружување, посебно во земјите од Европската унија или негативно економско опкружување. И јас тука морам да се навратам и да истакнам дека во услови кога во Европската унија имаше позитивно односно кога економијата на Република Македонија имаше позитивно економско опкружување, економските политики на Владата на Република Македонија допринесоа да имаме највисок раст на бруто домашниот производ па така имавме нели 6,1% во 2007, 5% во 2008 година. Посебно овие економски конзистентности на економските политики на Владата на Република Македонија дојдоа до израз во време на светската економска криза, во време на европската должничка криза, кога во нашето опкружување и во земјите членки на Европската унија имавме намалување на платите, имавме напуштање на администрацијата до 20%, имавме намалување на платите на таа администрација до 20%, имавме зголемување на даноците, имавме намалување на субвенциите. Напротив тоа во

Република Македонија не се случи, Република Македонија и во тие кризни времиња остана земја со најниски даноци, односно тогаш и го спроведовме рамниот данок, ддв-то додека се зголемуваше во земјите од 21, 23 до 25% како во Хрватска и Словенија, кај нас ддв-то остана 18% а многу стоки и услуги се намалија од 18 на 5%. Впрочем ова не е само мое мислење и ММФ, Светска банка, Европската комисија даде позитивно мислење за економските политики кои ги спроведува оваа Влада и всушност економските политики на Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ во изминатите години се темелеше на две клучни политики и тоа растот на бруто домашниот производ и растот на вработувањето. А во услови на намалена економска побарувачка од земјите членки на Европската унија посебно од Германија, Владата својата економска политика ја насочи пред се на два столба и тоа зголемување на капиталните расходи и зголемување на странските директни инвестиции за што предуслов беше нели претходно создадената поволна економска клима и развојот на слободните економски зони. Впрочем дозволете да ве потсетам и за изјавата на претседателот на ЕБДР во декември 2013 година кој истакна дека Македонија прави одличен напредок во макро економските показатели, направи многу повеќе од просекот на земјите во југоисточна Европа, се опоравува многу подобро од земјите во евро зоната и индикаторите покажуваат значителен напредок на земјата што овозможува услови за инвестиции. Но, да се вратам на самиот ребаланс, со предложениот ребаланс на буџетот на Република Македонија за 2014 година предвидено е дефицитот да изнесува 3,9% од бруто домашниот производ и истиот ќе овозможи Република Македонија и понатаму да остане земја со најниска задолженост. Според предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2014 година се однесува пред се на обезбедување на дополнителни средства за изградба на делницата Демир Капија – Смоквица на Коридорот 10 согласно интензивираната градба, реалокација на средства помеѓу буџетските корисници во рамки на обезбедената маса на плати, обезбедување на дополнителни средства на Фондот за пензиско и инвалидското осигурување со цел непречена исплата на пензии, обезбедување на дополнителни средства за социјалните права согласно последните трендови на остварување на правото на родителски додаток за трето дете, обезбедување на дополнителни средства за надминување на последиците од непогодите во општините и на намалување на одредени позиции кај буџетски корисници кај кои е евидентирана забавена динамика при реализација на постигнување на одредените заштити. Ако направиме анализа на буџетските приходи по категории за Буџетот за 2014 со предлог ребалансот вкупните приходи со предлог ребалансот за Буџетот на Република Македонија планирано е да се намалат за 0,72%. Тоа претпоставувано по категории би значело даночните приходи би изнесувале 133,8 милијарди денари и би зафаќале 70,63% од приходите што значи дека ова категорија би се намалила за 1,85% во однос на буџетот за 2014 година, неданочните приходи би изнесувале 12,7 милијарди денари и би зафаќале 6,86% и би се намалиле за 0,25% во однос на Буџетот за 2014 година, капиталните приходи би зафаќале 2,78 и би се намалиле за 20,84%, трансферите и донациите предвидено е да се намалат за 20,84% и би зафаќале 2,66% од приходите, домашното задолжение исто така би се намалило за 37,5%, додека приходите од задолжување во странство би прераснале и би изнесувале 24,6 милијарди што би претставувало 13,27% од вкупните приходи. Вкупните приходи во Предлог ребалансот на буџетот за 2014 година се проектирани во износ од 155,5 милијарди денари што претставува 10,91% зголемување во однос на вкупните остварени приходи во 2013 година во износ од 140,2 милијарди денари. Капиталните приходи се проектирани на ниво од 4,1 милијарда денари што претставува зголемување од 33% во однос на претходната година, донациите во Предлог ребалансот на буџетот за 2014 изнесуваат 5,3 милијарди денари и бележат зголемување од 32% во однос на 2013 година, во однос на вкупно остварените приходи малку регресија во 2005 година во вкупен износ од 100,9 милијарди денари, вкупните приходи во предлог ребалансот на буџетот за 2014 година бележат зголемување за 54 милијарди денари или за 54%. Има уште многу што да се зборува за ребалансот за буџетот, меѓутоа кажав и на почетокот, давам поддршка и ќе гласам за. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам. Почитувани пратеници, почитуван министер Ставрески, почитувани колеги пратеници, би сакал да се вклучам во оваа дискусија за ребалансот на буџетот затоа што буџетот е меѓу темелните закони и темелните документи кои што ги носи законодавниот дом на Република Македонија, всушност ја дава главната економска динамика која што се случува во државата. Веднаш ќе почнам она што го сакам да го кажам на почетокот, а се однесува на министерот Ставрески како министер за финансии, навистина честитки за резултатите кои што Република Македонија ги имаше во првиот квартал во 2014 година. Не е мала работа Македонија да има највисок раст на бруто домашниот производ во Европа од 3,9% во време кога повторно има проблеми во европската економија и едноставно тоа е навистина голем успех. Внимавајте почитувани присутни, Македонија има раст на економијата од 3,5% – 4% во време кога нашите главни економски партнери или стагнираат или имаат анемичен раст од 1%. Доколку нашите економски партнери имаат раст од 2, 3 и 4 значи

еден здрав економски раст тогаш оваа држава ќе раснеше со 6 или 7% на годишно ниво во овие околности.

Министерот Ставрески кажа дека во вториот квартал најголемата економија во Европа, Германската има пад од 0,2%. Јас би се надоврзал на тоа и би додал уште и дека италијанската економија исто така во вториот квартал има пад од 0,2%. А Италија е редовно помеѓу трите или четирите најголеми трговски партери на Република Македонија, таму голем број на наши претпријатија извезуваат, од таму голем број на граѓани на Република Македонија ги праќаат нивните средства тука во Република Македонија, значи тоа дополнително ги усложнува условите за економско работење во Република Македонија, но дотолку повеќе го прави успехот што го има Република Македонија поголем со бројките што ние сега ги објавуваме. Би сакал исто така да ги прочитам и економските резултати на повеќе други земји кои што се во петте најголеми економски партнери на Република Македонија. Значи, петте најголеми економски партнери на нашата држава се Германија, Обединетото Кралство односно Велика Британија, Грција, Србија и Италија. Ова се петте земји со кои што македонската трговија зависи 52,2%. Значи во овие пет земји нашиот извоз и увоз зависат 52,5%. За Германија го кажав податокот и го кажа и министерот, пад во вториот квартал од 0,2%.

Обединетото Кралство во првиот квартал имаше раст само 0,4%, значи Велика Британија имаше раст од само 0,4%, во вториот квартал се битно подобри некаде сега се на раст од 3%. Тоа е добро затоа што Македонија има солидна економска размена особено поради Џонсон Мети. Од таму увезуваме платинум и легури и цела низа на производи, а она што го произведуваме го пласираме на пазарите во цела Европа.

Трет наш економски партнер е Република Грција. Република Грција во првиот квартал има пад од 1,1%. Значи Грција 6 години station наназад е во рецесија. Ако кумулативно се собере падот на грчката економија се доаѓа до пад од 25 до 30% во овие 6 години колку што вкупно паднала кумулативно грчката економија. Зошто тоа директно влијае на Република Македонија? Затоа што Грција е редовно помеѓу петте најголеми трговски партнери на Република Македонија. Огромен број на претпријатија во Македонија извезуваат, а ако паѓаат нарачките од Германија, ако паѓаат нарачките од Велика Британија, ако паѓаат нарачките од Грција поради рецесиите во овие држави вклучувајќи ја и Италија тогаш тоа има директно влијание на Република Македонија.

Србија во првиот квартал има раст од 3% тоа е една солидна бројка пониска од Македонија, Македонија има 3,9%, но во вториот квартал кој што сеуште не е објавен Србија треба да ги објави резултатите кои што се однесуваат на падот на нивната економија поврзан со поплавите. Значи оваа година Србија може да очекува нулта стапка на раст, дури во предвид доаѓа и ограничена рецесија, така што тоа дополнително и уште повеќе ги усложнува економските движења во Република Македонија.

Кога се ќе се собере и одземе доаѓаме до тоа дека во Европската унија Македонија пласира 78% од својот извоз а увезуваме 64,2%. Кога гледаме дека најголемите земји во евро зоната како што е Германија, Италија, а на тоа би ја додал и Франција, Франција во вториот квартал објави податок дека има 0,0% значи нема раст туку буквално стагнира тогаш се доаѓа до една ситуација во која што имаме неповолни економски движења не само во регионалното наше опкружување туку и во поширокото економско опкружување. Би додал уште неколку бројки, Бугарија во првиот квартал раст од само 1,2%, Романија доста висок раст 3,8%, но и понатаму помал од македонскиот раст кој што е 3,9%, Словенија 1,4%, Албанија +0,6%, Австрија исто така важен економски партнер на Република Македонија раст од 0,1%, Косово 2,5%, Турција исто така нивниот раст постепено забавува. Значи кога сите овие бројки ќе ги погледнеме, сите овие земји на Балканот, Југоисточна Европа и главите извозници во кои што извезува Македонија се доведува заклучокот дека резултатите на македонската економија во овие околности навистина се солидни и се дава максимумот. Јас би сакал исто така да го охрабрам, да го поттикнам или да го одржам и министерот за финансии но исто така и министрите од Владата затоа што знам дека се вонредно посветени на економските зони во внатрешноста на Македонија. Не само тирзовите туку и поединечните општини. Ова утро прочитав во еден од весниците дека општина Валандово ќе отвора и втора економска зона. Значи покрај онаа економска зона во Раброво во кој што веќе има некаде пет или шест погони каде што работат во моментот се градат три или четири ова лето имав прилика да поминам лично таму покрај патот, да ја погледам таа економска зона, значи покрај пет, шест готови погони се градат три, четири, а веќе се продадени сите парцели во економската зона Раброво Валандово за поздравување е што општина Валандово ќе отвора втора економска зона и тоа кај Јосифово. Значи, тоа претставува модел за развој на општините особено за внатрешноста и полна поддршка за министерот за финансии Ставрески, но исто така и економскиот тим од Владата кој што е фокусиран и сконцентриран на овие активности. Таков добар пример може да претставува и општина Илинден во која што преку 70 погони се отворени последниве години, општина Штип интезивно работи исто така на таква економска зона, општина Петровец во близина на аеродромот Петровец, односно аеродромот Александар Велики исто така има парциелизирано голем број на парцели кои што се продадени кои допрва треба да почнат да се градат, тоа е зоната Ќојлија. Исто таква зона планира и општина Велес, локалната самоуправа интезивно работи на тоа, општина Кочани работи

на тоа, понатаму од изборната единица од која што доаѓам јас се предвидени средства за отпочнување на градење на технолошко индустриските развојни зони од Делчево, Берово. Видовме дека зоната помеѓу Кочани и Виница го доби својот прв инвеститор, фирмата Алфенол, понатаму на излезот од Кочани се гради една голема холандска фабрика која што ќе значи 250 вработувања за граѓаните на Кочани и околните општини. Исто така печуркарата во близина на Свети Николе, интезивно се гради, значи веќе е готов покривот, а таму може вкупно да се очекува тоа е швајцарска инвестиција може да се очекуваат 450 вработувања, Зоната во Штип добива, значи таму е изградена инфраструктурата. Ако ја погледнеме исто така зоната во Ранковце се надевам дека во најскоро време како што беше најавен и од премиерот и од другите министри дека ќе се постави инфраструктурата и дека се надеваме во скоро време ќе почне реализацијата на она најавена инвестиција од Вејбогруп која што треба да значи 4 до 5 илјади вработувања во североисточниот дел на Република Македонија. Сигурно Буџетот ќе има слух за тие потреби затоа што инфраструктура за фабрика која ќе вработува 4 до 5 илјади луѓе не е мала работа.

Исто така, полна поддршка за она што Владата го прави за југозападна Македонија, видовме дека овие денови пред две седмици конкретно почна да се гради економската зона Струга - Охрид, таму исто така веќе имаме заинтересирани инвеститори. Во зоната во Битола веќе работат во Кромберг и Шуберт 2 илјади луѓе. Имаше нели воздржаност дали таа фабрика ќе има 500, 600, 700, 800 вработувања, дали ќе се реализираат сите тие 800 или 1000 вработувања, податок од минатата недела е дека овие денови Кромберг и Шуберт треба да објави дека во таа фабрика има 2 илјади луѓе кои што работат. Значи, тоа се економските околности по кои што работи Владата на Република Македонија, тоа се економските околности во регионот и во Европа. Се надеваме дека овој ребаланс дополнително ќе ја консолидира македонската економија и дека уште сега ќе почнат подготовките за Буџетот во 2015 година кога до полн израз ќе можат да дојдат голем број на овие проекти кои што сега се започнати или оние инвестиции кои во моментот се преговараат дополнително треба да се објават. Значи, ќе гласам за овој ребаланс на Буџетот, тој е адекватно направен, сериозно, професионално и нормално кога ќе дојде декември тогаш ќе ја отвориме дебатата за Буџетот за 2015 година и 2015 се надеваме дека ќе биде еднакво економски успешна за нас, а тоа е дека Република Македонија ќе остане помеѓу земјите со највисок економски раст во Европа токму онака како што бевме благодарение на економските политики, земја со најголем економски раст во првиот квартал на оваа 2014 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мукоски Крсто има збор, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам.

Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Денес на дневен ред е ребалансот на Буџетот за 2014 година и секој Буџет како што напомена министерот за финансии, така и овој е еден од најосновните и најважните економски документи кои што ги тангира и државните институции меѓутоа пред се и граѓаните на Република Македонија без исклучок бидејќи преку Буџетот се планираат економските политики и се прикажува на кој начин ќе се трошат државните пари односно на кој начин ќе се створаат добра и услуги за граѓаните.

Ребалансите на Буџет постојат секаде во секоја држава и тие се на некој начин ревидирање на основниот Буџет и тоа не е ништо страшно и не е некоја табу тема, значи ги има дали еднаш или двапати во годината, меѓутоа од исклучителна важност е колкави се промени во Буџетот односно колкави се зафаќањата и на приходната и на расходната страна во ребалансот на Буџет и за што тие средства се наменети. Во конкретниот случај во Ребалансот за 2014 година стредствата кои што се издвојуваат не се големи и се во вкупен обем околу 2% и тие средства е многу важно што се издвојуваат пред се за зголемување на капиталните инвестиции кои што ќе дадат додадена вредност и кои што би требало да ја зголемат и јавната и личната потрошувачка со тоа да се зголеми БДП-то.

Како што напомена и министерот, значи значителен дел од овие средства се издвојуваат за капитална инвестиција односно доизградба на автопатот Демир Капија - Смоквица, дел од средствата се издвојуваат за единиците на локалната самоуправа во делот на санирање штетите од елементарните непогоди, дел на средства се извојуваат за социјално ранливите категории, дел на средства се издвојуваат за пензиско инвалидскиот фонд и дел на средства се врши реалокација на тие средства од одредени државни субјекти кои што не направиле добро планирање на средствата во делот на нивно искористување односно не ги искористиле во таков обем како што имаат предвидено.

Јас почитувани колеги би сакал дискусијата да ја насочам во еден друг правец односно во правец на прикажување на водењето на економските политики од страна на Владата и Министерство за финансии дали се тие предвидливи, дали се конзистентни и дали имаат успех во водењето. Тоа ќе го прикажам преку бројки и преку паралели за тоа што беше предвидено во Буџетот за 2014 година, основните макроекономски показатели, како се движеа тие во изминатата година 2013 година и на крајот би сакал да направам една компаративна анализа или една споредба на движењето на македонската економија и на дел на економии кои што се во нашето опкружување и во Европа на кои мислам дека граѓаните на крајот ќе имаат јасна слика и претстава дали македонската

економија оди во вистински правец, дали се работи посветено и дали македонската економија во иднина ќе има успех.

Ако добро ги погледнеме бројките за 2013 година основните показатели за растот на економијата пред се за БДП ќе видиме дека македонската економија на крајот на 2013 година заврши со 2,9% раст на БДП и ако направиме една споредба за првиот квартал од 2014 година јасно ќе видиме дека растот на БДП е значителен односно во 2014 година во првиот квартал имаме раст од 3,9% на БДП. Овој раст ги надминува дури и очекувањата на Владата и предвидувањата на одредени меѓународни финансиски институции. Ова е добар показател дека оваа година и покрај други шокови што можат да ни следуваат, како што напомена министерот кризата во Украина иако сите се понадевавме дека европската должничка криза ќе заврши, дека европската економија закрепнува сепак ни постојат нови предизвици, меѓутоа ако се биде тековно и регуларно треба да се каже дека македонската економија реално би требало да расне со раст на БДП од 3,5%. Индустриското производство во 2013 година порасна за 4,9%, а само во првиот квартал во 2014 година имаме дополнителен пораст на индустриското производство од 2,4%. Се разбира со зголемување на индустриското производство се зголемува и бројот на вработени, се зголемува и извозот и како што напоменав се зголемува и јавната потрошувачка меѓутоа и личната потрошувачка. Така да извозот во 2013 година визави 2012 година се зголеми за 4,5%, додека во 2014 година за првиот квартал извозот е зголемен за дополнителни 12,5%. Тука е важно да се истакне дека во делот на извозот имаме зголемување на производите со додадена вредност односно на финални производи, тоа е машините, опрема, итн. што е значајно за развој на економијата.

Во делот на странските директни инвестиции за 2013 година имавме инвестиции од 269 милиони евра, а само во првиот квартал од 2014 година имаме странски директни инвестиции од 110 милиони евра или зголемување за 43% ако ги земеме првиот квартал од 2014 и 2013 година. Се надеваме кон најавите на Владата што ги имаме дека овој тренд на зголемување на странските директни инвестиции ќе биде и понатака во растечки тренд со што нормално ќе се зголемат сите други параметри кои што претходно ги набројав. Невработеноста во 2013 година се намали на 28,6% или за 2% од изминатиот период со што ја пробивме онаа фамозна бариера од 30% невработеност во Република Македонија. Само за потсетување на јавноста кога ВМРО-ДПМНЕ ја наследи власта имавме фантастични 39% на невработеност во Република Македонија. За првиот квартал во 2014 година имаме дополнително намалување на невработеноста и тоа за 2,6%.

Инфлацијата како еден од основните параметри се движи во границата на нормалата односно имаме ниска инфлација во 2013 имавме 2,8%, во 2014 година имавме дополнително намалување на инфлацијата од 0,2% меѓутоа се очекува заради зголемување на расходната страна, заради вложување во капитални инвестиции итн, што понекогаш е добро во блага мера инфлацијата да оди во нагорен тренд. Добро викам за развој на стопанството, за извоз итн.

Значи ова се основните показатели и параметри во изминативе две-три години во кој правец се движи македонската економија и низ овие бројки кои што се егзактни, точни, потврдени од Заводот за статистика и од релевантни институции можеме да констатираме дека економските политики ги движиме во добар правеце.

Би сакал да направам една споредба од минатото бидејќи е многу важно и граѓаните најпластично, најдобро на тој начин ги воспримаат информациите и она што е реално во делот на посветеноста на Владата во делот на функционирањето на стопанството, на претпријатијата во делот на прибирањето на приходите и трошењето на средствата на расходите. Во 2005 година во делот на даночни прибирања имаме прибирања на приходи од 52 милијарди 639 илјади денари, а во 2014 година имаме прибирања на вкупни даночни приходи од 131 милијарда 376 милиони денари што значи зголемување за фантастични 134% или 1,7 милијарди евра.

Зошто го зборувам ова. Најголемите прибирања на приходи се од даноците, особено од ДДВ. И ако во 2005 година генерално сите даноци беа повисоки од овие што денес ги имаме, бидејќи водиме политика на рамен данок, јасно се покажува колкава била посветеноста на тогашната Влада, на министерството за економија да воведе даночна дисциплина. Значи, сега во моментов 2014 година, визави 2005 година, имаме даночна дисциплина, Владата излегува кон претпријатијата, кон стопанството со пониски даночни стапки, меѓутоа има прибирања на даноците. И за да ја разбиеме уште една небулоза која што опозицијата во континуитет ја тврдеше дека буџетот на Република Македонија се полни од такси, глоби, казни, судски такси итн., вредно е да се искаже дека зафаќањата во буџетот во делот на прибирање на приходите од овие ставки е 0,02% од вкупните приходи во буџетот на Република Македонија се од глоби, такси, судски такси, итн. И уште еден куриозитет би рекол, гледајќи ги буџетите, споредувајќи ги од 2005 година и 2014 година, од сите овие ставки, глоби, такси, судски такси и административни такси и надоместоци, во 2005 година, тогаш Владата прибрала 7 милијарди 330 милиони и 408 илјади денари, додека во 2014 година од сите овие ставки се прибрани 6 милијарди 653 милиони и 955 илјади. Значи 7 милијарди 333 милиони, наспроти 6 милијарди 653 милиони. И мислам дека тука треба дефинитивно да завршиме со оваа небулоза и со оваа невистина која што генерално опозицијата во недостиг на аргументи се обидува да ја пласира пред

граѓаните. И на крајот пред да завршам, за да објаснам каква е ситуацијата во Република Македонија и граѓаните по објективно да сфатат и по пластично, сакам да направам неколку паралели за тоа како и во кој правец се движи македонската економија, каков е стандардот на граѓаните во Република Македонија, како живеат граѓаните, народно кажано во Република Македонија, со опкружувањето околу Република Македонија и во Европа.

Сакам да потврдам и да кажам дека во Република Македонија не се живее, граѓаните не живеат како во Швајцарија и тоа треба да ни биде јасно. Постојат многу предизвици, постојат уште многу работи кои што треба да ги направиме за да го подобриме стандардот на граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, Република Македонија не функционира како изолиран остров, на кој што немаат влијание ниту едни било кој од соседите нуиту европската економска политика итн. Не треба подалеку да одите, појдете во Република Србија и се ќе ви биде јасно како функционира таа економија. Последниот податок беше дека платите на наставниот кадар на професорите се намалени за 10%, се најавуваат големи штрајкови. Пред неколку недели, министерот за финансии, Крстиќ, даде оставка од Владата, бидејќи премиерот Вучиќ не сакаше да го исполни или да го реализира неговиот пакет на мерки за спас на државата. Во тој пакет на мерки имаше многу ригорозни елементи. Од намалување на платите на јавната администрација, од намалување на пензиите од 10 до 20%, од испуштање на околу 100 илјади вработени од јавната администрација и сето тоа не можеа да го прифатат во Владата, бидејќи ќе станеа социјални немири итн., министерот си даде оставка. И новиот министер, еве веќе почна со дел од мерките, ги намали платите во делот на образованието.

Во Република Хрватска, ние зборуваме, или опозицијата зборува за голема задолженост на Република Македонија. Во Република Хрватска, јавниот долг изнесува 67,4% од БДП. Економските аналитичари тврдат дека до крајот на годината, долгот ќе се зголеми на над 70% од БДП. Единствената мерка за спас од ова задолжување го голедаат на продавање на дел од територија на Република Хрватска. Дали ќе ги продадат островите или некои други капацитети инт.

Во Република Србија во моментов на лецитација се вадат преку 500 фирми кои што се загубари. Епилогот од сето тоа ќе биде дополнителни 100 илјади невработени. За Грција не сакам ни да зборувам, сите сме сведоци што се случува. Со ова не сакам да оправдам дека во Македонија се живее идеално. Кажав и на почетокот и ќе повторам. Имаме многу предизвици, мора дополнително многу да создаваме, меѓутоа со оглед на ситуацијата, со оглед на должничката гриза во Европа, со оглед на тоа што сега во моментов се случува во Украина, бидејќи ние сме поврзани со сите не сме издвоен дел, економиите се поврзани, дополнително Република Македонија е мала економија, извозно ориентирана итн. Сепак со оглед на сите тие работи се движиме во добар правец. Од тука сакам на крајот да финиширам и да завршам, дека политиките што ги води Владата на Република Македонија, и Министерството за финансии се исправни и одат во добар правец. Доколку немаме некои надворешни шокови, и додека во низа во годините имаме зголемување на бруто домашниот производ, зголемување на извозот, зголемување на индустриското производство, стабилен курс на денарот, ниска инфлација, задржување на стабилно ниво на девизните резерви, како што искажа и министерот на четиримесечна увозна зависност, Република Македонија во блиска иднина, на среден рок, треба да се движи на добар пат со тоа и граѓаните на Република Македонија да почувствуваат одредена благосостојба, однсоно подигнување на нивниот животен стандард. Од овој аспект и од сето ова што претходно го елаборирав, мислам дека овој ребаланс на буџетот треба да го поддржиме и секако како што и дел од моите петходни колеги истакнаа да се припремаме на носење на новиот ребаланс за 2015 година, каде што сигурен дека дополнително ќе се зголемуваат капиталните инвестиции со што ќе се подобрува и стандардот на граѓаните на Република Македонија.

Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата, продолжуваме во 15,00 часот.

**(По паузата)**

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Кузмановска Лилјана, повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денес пред нас пратениците е ребалансот на Буџетот и уште на почетокот би сакала да потенцирам дека со овој ребаланс Македонија ќе остане во зоната на фискалната стабилност и ќе се обезбеди непречено функционирање на сите предвидени проекти во програмата на Владата.

Имено овој мини ребаланс изнесува 2% од вкупните приходи и расходи и пред се да се осврнам на самиот ребаланс на ставките на буџетските корисници онаму каде што се врши кратење во приходниот и расходниот дел би сакала да потенцирам иако некои од моите колеги пратеници кажаа каква е европската економија односно како оди закрепнувањето согласно приликите односно ситуацијата што се случува со Украина. Имено закрепнувањето оди поспоро и како показател е Германија која е столб на економијата во Европската унија каде што имаме забавување на темпото на раст и изнесува 1,3%. Имено Македонија е во вакви лоши околности, морам да потенцирам заради добро водените економски политики досега има

добар економски раст односно имаме влез на бруто инвестиции од 26,5% и тоа предизвикува раст на градежништвото од 13,7% и посебно имаме раст на извозот кој 13% е поголем од минатата година. Имено многу е важно да се потенцира дека имаме тренд на промена на структурата односно се4 задржува тој тренд на промена на  структурата во извозот и тоа е повисоката технолошка вредност на производите кои одат за извоз од се поголемиот прилив на странски директни инвестиции. Имено процентот на невработеност бележи најнизок раст и тоа е 28,4% во такви економски прилики можеме да кажеме дека овој мини ребаланс ќе ја задржи понатаму макроекономската стабилност. Кратењата се на позициите на стоки и услуги, трансфери на капитални расходи а износот на намалувањето е рамномерен на сите позиции скоро кај сите буџетски институции. Всушност на тој начин ние долгорочно ја задржуваме макроекономската стабилност што е услов за реализација на повисок економски раст кој се очекува на крајот на годината да биде и над 3% од бруто домашниот производ. Буџетскиот дефицит има благ раст од 3,5% на 3,9% и тоа е износот од една милијарда и 43 милиони денари кој всушност ја искористи за позитивна изградба на Коридорот 10. Јас уште еднаш ќе ги набројам измените кои се однесуваат со овој ребаланс тоа е обезбедување на дополнителни средства за изградба на делницата Демир Капија - Смоквица согласно интензивираната градба, потоа обезбедување на дополнителни средства за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со цел непречена исплата на пензиите, од воведување на дополнителни средства за социјални права посебно за родителскиот надоместок за трето дете како и обезбедување на дополнителни парични средства за надминување на последици од елементарни непогоди во општините.

Посебно во делот на приходната страна измените се резултат на зголемување на сопствените приходи на буџетските корисници, средствата од ИПА од 705 милиони, тоа се донации од Советот на Европа, за реконструкција на Институтот за белодробни заболувања во Министерството за здравство. Донации од УНХЦР и ИПА во Министерството за труд и социјална политика за изградба на станови за бегалци, прифатни центри, стратегија за Роми, за Хидросистемот Злетовица, донација од 25 милиони денари во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За остварување на буџетот од јануари до јули годинава реализирани се вкупни приходи од 81 милијарда 420 милиони денари, притоа даночните приходи, социјалните придонеси се реализираат во износ од 72 милијарди 562 милиони денари. Од тој износ 47 милијарди и 642 денари се даночни од кои 53% се по основ на ДДВ. Капиталните расходи се реализирани во износ од 9 милијарди 639 милиони денари и во овој период од годината се интензивираат активностите за реализација на крупните инфраструктурни проекти како изградбата на Коридорот 10 и инвестиции и реконструкција на изградбата на железничката инфраструктура. Се реализираа и повеќе проекти за подобрување на инфраструктурата во образованието, здравството, комуналната инфраструктура, реконструкција на здравствени објекти.

Јас сега би сакала да се задржам пооделно во Министерството за образование и наука, здравство, посебно социјална сфера, онаму каде што се направени одредени измени и со ребалансот на буџетот во  Министерството за образование и наука генерално се намалуваат средствата од ставките на стоки и услуги. Меѓутоа многу важно за граѓаните во делот на плати за вработените во министерство и единките корисници во единиците на локални самоуправи исплатата на плати ќе се одвива непречено со предвидените 5% покачувања на платите. Имено досега се завршени три училишни спортски сали и на седум активно се работи како што впрочем е планирано според динамиката на работа. Во тек е реконструкција на 28 училишта, 21 основни и 7 средни. Во 8 училишта 4 основни и 4 средни завршена е реконструкција заклучно со јули 2014 година. Завршена е изградба на ново средно училиште во Шуто Оризари и во Долнени. Во завршна фаза е и изградба на ново основно училиште во село Синичани општина Боговиње, во тек се градежни активности за изградба на ново средно училиште во општина Сарај. Во тек е изградбата и на објект на основното училиште Кочо Рацин во подрачно училиште Српци каде што тоа училиште беше опожарено. Ова се информации за граѓаните каде досега се трошени паричните средства од буџетот значи во инфраструктура во образованието. Завршена е изградба на едно монтажно училиште а на пет локации во тек се градежни активности за изградба на монтажни училишта.

Во врска со проектот за подобрување на условите во студентските домови доградбата на студенскиот дом Стив Наумов е целосно завршена и официјално е пуштен во употреба во месец јуни 2014 година, а ќе започне реконструкција на студентскиот дом Гоце Делчев блок Б во Скопје. И во Министерството за здравство имаме зголемување на буџетот за 17 милиони и 600 илјади денари. Имено најголемото зголемување во реконструкција до изградба на јавни здравствени установи низ Република Македонија, потоа во делот во изградба на ПЕТ центарот зголемување од 40 милиони на 150 милиони денари, потоа во делот на рана детекција на малигни заболувања во делот на здравствена заштита на лица со болести на зависности, партиципација на осигурени лица, лекување на ретки болести и во делот на едукација на лекари и медицински персонал од 20 милиони на 60 милиони денари. Имено ова е нова програма каде со средствата се предвидени и овозможено на лекари да се стекнат со

потребното знаење во познатите медицински центри широм светот.

Во Министерството за труд и социјална политика продолжуваат проектите за топол дом, проектот за деинститутинационализација, проекти на реализација на стратегија и декадата на Ромите, меѓутоа многу важно во делот на платите и надоместоците 5% зголемување на социјалната парична помош оди континуирано, а започната од јануари 2014 година и зголемувањето на платите од март 2014 година.

Во областа на културата многу важно е да се потенцира да нема да дојде до прекин со овој ребаланс на буџетот на реализација на проектите кои треба да се завршат до крајот на 2014 година согласно планот на реализација. Имено досега во Министерството за култура и во текот на 2014 година се изгради и пушти во употреба театарот во Велес. До крајот на годината ќе се отвори Археолошкиот музеј во Скопје, а во тек се ископувања кон локалитетот Скупи. Заврши со обновување на фасадите на објектите кои се споменици на културата во Скопје, Крушево, Кратово, Охрид, ќе се заврши со реконструкција и санација на куќата во Штип и нејзино претворање во музеј. Се направи покривна конструкција на сцената на античкиот театар во Охрид и на сцената на Долно Сарај во Охрид. До крајот на годината ќе заврши реконструкцијата и санацијата на Домот на културата во Валандово, ќе се започне со изградба на Дом на култура во Кисела Вода, се започна со изградба на театарот во Струмица, се реконструира и санира Музејот на современа уметност во Скопје.

Во делот на земјоделието заклучно со август месец се изврши исплата на 4 милијарди 900 милиони денари и тоа субвенции за тутуно производителите, полјоделството, градинарските производи за грозје, овошје, млекопроизводство, за сточарство. Меѓутоа многу важно е да се потенцира дека во делот на патната инфраструктура во делот на изградбата на Автопатот Демир Капија-Смоквица кој е во должина од 28,2 км., во делот на физичкиот прогрес на оваа автопатска делница е 44,67% и ќе се пушти во употреба во август 2016 година. Меѓутоа се продолжува со проектот на изградба на локални патишта и заклучно со 20.08.2014 година завршени се вкупно 336 локални патишта со вкупна должина од 341 км и инвестиција од 50 милиони евра. До крајот на 2014 година се очекува да завршат вкупно 24 локални патишта со вкупна должина од 52 км. Исто така се очекува и одобрувањето од Светска банка за распишување на тендерска документација за избор на најповолен понудувач за 46 локални патишта со вкупна должина од 57,30 км., рокот на завршување е 2015 година. Имено ние како пратеници ќе гласаме за овој мини ребаланс. Ние знаеме дека понатаму имаме економска стабилност во државата, ќе продолжат сите проекти кои ги започна Владата и во континуитет ќе имаме водење на една стабилна економска политика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Аврамоски Момчило, повелете.

**Момчило Аврамоски:** Благодарам.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници, за 2013 година економската активност односно бруто домашниот производ беше 2,9% покачен. Имавме извоз на стоки и услуги за истата година со реален раст од 4,5%. Во 2013 година стапката на инфлација беше 2,8%, а стапката на невработеност падна за прв после толку години под 30% односно за 2% во однос на 2012 односно 28,6%. Приливот на странски директни инвестиции во 2013 година беше 269 милиони евра што значаен пораст во однос на 2012 година, за во 2014 година бруто домашниот производ уште во првиот квартал се покачи за 3,9% што ги надмина и очекувањата и на Владата. Имаше програмирано раст од 3,2% за 2014 година. Странските инвестиции уште за првиот квартал изнесуваа 110 милиони евра што е за 35% повеќе од 2013 година. Бројот на вработени во првиот квартал во 2014 година беше повисок за 2,6%, а просечната стапка на инфлација беше само 0,2% за првите шест месеци. Сето ова се случуваше во време и после светската економска и должничка криза кога најголем дел од земјите во светот нарочито во Југоисточна Европа и Балканот испуштаа вработени, намалуваа плати и пензии.

Почитувани јас сега како лекар ќе се обратам на делот од здравството. Што се однесува до здравството средствата кои што се планирани со буџетот за 2014 година за капитални инвестиции и проекти остануваат исти. Јас накратко ќе споменам дел од она што е направено и дел она што треба да се направи до крајот на годината.

Во делот на големите проекти на Владата имаме изградба на детска болница во Козле, имаме изградба на нова болница во Кичево која што е во тек, имаме реконструкција на специјалната болница за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново во Велес. Извршена е целосна реконструкција на Градската болница 8 Септември во Скопје. Реконструирана е универзитетската клиника за детски болести во Скопје. Извршена е целосна реконструкција на Геронтолошкиот завод 13 Ноември во Скопје. Реконструирана е психијатриската болница во Бардовци. Извршена е реконструкција и адаптација на специјалната болница за гинекологија и акушерство во Чаир. Имаме реконструкција на повеќе здравствени домови во државата како во Ресен, Штип, Демир Хисар, Ростуше, Крушево, Кавадарци, Струга, Прилеп, Лабуништа. Извршена е гасификација во комплексот Клиника Мајка Тереза. Што се однесува до медицинска опрема на јавните здравствени установи онаа што носи висока стапка на средства. Имаме три нови апарати за компјутерска томографија инсталирани на клиниките за неврологија, детски болести и специјалната болница Свети Еразмо во Охрид.

Имаме два нови акцелератори на Клиничката болница во Штип и Битола, нов ангеограф во градската општа болница 8 Септември, еден дигитален ренген апарат во Специјалната болница за ортопедија и еден дигитален мамографски апарат во Тетово. Оди проектот односно програмата за имплементација на електронските здравствени картички. Во Тетово се гради дијагностичкиот центар со површина од 5000 м2. Во тек е и во завршна фаза изградбата на ПЕТ Центарот, тоа е објект за позитронска емисиона томографија кој што е еден од ретките на Балканот можеби и единствен каде што имаме услови за многу рана детекција за малигните заболувања. Националната програма за трансплантација е во тек и се повеќе трансплантации се прават нарочито на Уролошката клиника каде што за прв пат годинава се започна после многу години со канаверичната трансплантација. Проектот за превенција на кардиоваскуларните болести кој што се едни од најчестите за смртта на населението во Република Македонија е во тек. Се планираат системски прегледи на ученици и студенти бесплатни во сите училишта. Националната програма за јавно здравство односно воведување на терминот, мој термин беше спроведена. Задолжителна имунизација на населението исто се спроведува. Превентивни мерки за спречување на туберкулоза и превенција со редовни превентивни активности на Институтот за туберкулоза низ Македонија. Активна здравствена заштита на мајките и децата односно програма за спроведување на активности за намалување на доенечка смртност и на скрининзи на новороденчина. Исто така се воведува мерката за ослободување на партиципација од микробиолошки брисеви кај бремени жени. Во однос на програмата за рана детекција на малигни заболувања согласно европските директиви Република Македонија започна со скрининзи за рано откривање на карцином на дојка на карцином на матка и на рак на дебелото црево. Проектот здравје за сите е во тек и се развиваат два негови дела. Едниот е Проектот рурален доктор кој опфаќа 1060 населени места и околу 327 илјади жители, а вториот е Проект за домашна визита кој во првата фаза се посетени околу десетина илјади лица со хронични болести низ Република Македонија. Исто така течат проектите за здравствена заштита на лица со болести од зависности, лекување на ретките болести, болничкото лекување на пензионерите однос средства за бесплатно болничко лекување на пензионери со пензија помала од просечната во Република Македонија. Еден многу значаен проект кој тече последниве две години и оваа година тоа е едукација на лекарите и медицинскиот персонал кој што ќе овозможи многу лекари да се стекнат со потребно знаење во познатите медицински центри ширум низ светот и истото да го пренесат во нашата држава. Исто така во Охрид се одвива и проектот за престој на специјалисти од САД во Македонија и дисперзирана клиника односно посета на наши професори во другите градови низ Република Македонија. Од сево ова гледаме дека вложувањето во здравството е континуирано и како никогаш досега во сите области. Со овие програми и проекти треба да добиеме подобри услови за лекување и да ги приближиме европските стандарди и методи на лекување на нашите граѓани. Затоа почитувани ова се само дел од фактите поради кој јас ќе го подржам Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Мерко Рамис, повелете.

**Рамис Мерко:** Почитуван господине претседавач, почитувани пратеници и медиумите кои што не се тука, од претходниот говорник и од претходните говорници сите и почитуван министер се извинувам. Од претходните говорници слушнавме многу убави зборови околу Буџетот во првите пет до шест месеци сигурно дека и ребалансот ќе се движи со позитивен тренд како и што бил до сега. Факт е дека според бројките што се покажани во овој ребаланс сите бројки се позитивни особено имаме позитивен исход во неколку области. Во првото тромесечие во 2014 година каде што се остварени позитивни исходи во неколку сектори има најголем пораст во градежништвото и јас би рекол да, навистина е направено голема работа во инфраструктурните инвестиции кои што се во однос на регионалните патишта, на магистралите или пак други градби. Тука би рекол дека е најмалку или пак е дадена можност за градење во општините. Значи што се однесува на локалните патишта или пак и можност за градење на приватни објекти во општините било да се тие и комерцијални објекти. Како што се гледа од бројките индустриското производство исто така е во пораст, земјоделскиот сектор бележи пораст, можеби е мал, меѓутоа сепак е доволен за ова време на финансиска криза. Финансиските претпријатија бележат висок степен на раст. Во општествениот сектор, трговијата, комуникациите се со раст од 3,3%. Позитивно движење има исто така и на пазарот на работната сила. Според сите дадени бројки имаме зголемување на вработувањето, секако со тоа и намалување на невработеноста што е за поздравување и многу други параметри кои што се исто така интересни за нагласување особено за поширокata јавност.

Што се однесува на реализацијата на Буџетот за што сакав да се задржам во периодот јануари - јуни 2014 година вкупните приходи се остварени во бројка како што е прикажано и токму тука сакам да се задржам затоа што во структурата на приходите, не платени даночни приходи доминираат приходите врз основа на данокот на додадена вредност со учество над 52% што е навистина голема бројка за ДДВ данок што се собира од страна на централната власт односно во Буџетот и истиот би рекол, ќе кажам и подоцна дека со програмата не се распределуваат тие средства во локалната самоуправа. Факт е дека и

општините успеале да создадат буџет со продажба на градежно земјиште, со продажба на станбени објекти и токму од Законот за легализација има голем број на предмети во сите општини, предмети што чекаат за легализација и истите ќе донесат добивка во буџетите на општините. Говорам прво за општините затоа што сакав да се надоврзам на програмите кои што се во процес и реков дека се недоволни средствата што се враќаат во единиците на локалната самоуправа како што знаете како блок дотации општините добиваат околу 7 милијарди денари. Исто така и другите трансфери од 722 милиони денари за кои што се остварени од ДДВ и има исплатено субвенции во земјоделието со цел подобрување на земјоделието и конкурентноста во овој сектор. Капиталните расходи во периодот јануари - јуни 2014 година се остварени приходи во износ од над 8 милијарди и пол денари и во овој период имаме остварени активности во инфраструктурата. Денес беше доста нагласена и споменат автопатот што се гради во Смоквица и реконструкцијата во железничката инфраструктура. Истовремено се остварени многу други проекти за подобрување на инфраструктурата во образованието и затоа треба да се говори малку повеќе во здравството, во општинската инфраструктура преку градење на школски објекти, спортски сали, спортски терени, водовод, канализациски мрежи како и реконструкција или обнова на здравствените објекти.

Разгледувајќи го ребалансот на Буџетот мислам дека треба да говориме малку повеќе за програмите што се реализираат врз основа на овој Буџет. Тука сакам да се надоврзам на неколку програми како што е децентрализацијата, потоа сакав да се надоврзам и на Министерството за интеграција на Македонија, сакам исто така да говорам за регионалниот развој за кој имаме исклучително добар закон, меѓутоа истиот не се почитува, потоа унапредување на животната средина и инвестиции во образованието.

Децентрализацијата на надлежностите кај локалните власти секогаш настојувам да говорам за општините за единиците на локалната самоуправа и за подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите што произлегуваат од партнеритетот или пак иницијативата на Македонија за пристапување во Европската унија и Охридскиот рамковен договор исто така. Постигнато е сите општини да ги финансираат принесените надлежности со блок дотации со што завршува и фазата за менаџирање со материјалните ресурси и финансиските ресурси за надлежностите што се префрлени во образованието, во културата, детската заштита и социјалната заштита.

Децентрализацијата е добра за граѓаните и токму затоа е направена. Значи од 1 јули 2005 година се почна, меѓутоа тоа е тешкотија за единиците на локалната самоуправа. Затоа децентрализацијата е тесно поврзана за Законот за рамномерен регионален развој. Зошто велам дека е тесно поврзан со овој закон, закон кој е донесен 2007 година и според кој што закон треба да се финансираат осум региони како што се и поделени со закон во Република Македонија и треба 1% да се издвои од Буџетот односно од БДП на државата. Доколку говориме за тој 1% се работи всушност за околу 60-70 милиони евра и токму овој закон не се спроведува повеќе од 2 или 3% од износот кој што е утврден со закон. Се знае дека постојат осум региони кои опфаќаат ист број на жители и сите региони имаат основано и центри за рамномерен регионален развој во најголемите општини. Една од тие општини е и Струга и со стручњаци од областа на проектите кои што денес речиси не се активни воопшто затоа што тоа не го овозможува власта иако законот тоа го овозможува. Меѓутоа законот не се спроведува во Република Македонија.

Во Националниот совет за рамномерен регионален развој каде што учествуваат осум министри од најголемите министерства, заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања. Осумте региони претставници од Бирото за регионален развој и други. Сме го покренале ова прашање и сме прашале, зошто не се спроведува Законот за рамномерен регионален развој во Република Македонија. Министрите и самиот претседател на Владата изјавиле дека 1% од БДП се инвестира во општините и ние сме побарале барем да се поднесе извештај за рамномерен регионален развој. Оваа распределба до сега не е дадена, не е објавена и затоа тоа сакам да го кажам тоа јавно во Парламентот затоа што и понатаму ќе инсистираме министерствата да не ги користат средствата што се доделени со законот за да ги создадат своите позиции туку истите да се распределат во тие осум региони и со тие средства да можат регионите да се развиваат на рамноправен, рамномерен начин. Сигурно тоа го знаат подобро градоначалниците на општините што се во Советите на центрите за рамномерен регионален развој знаат каде се најмногу потребни тие средства. Можеме слободно да кажеме дека соодветните министерства ги злоупотребуваат средствата кои што се утврдени со Законот за рамномерен регионален развој. Еве еден пример, колку што гледам јас со сите податоци Министерството за култура инвестира само во Скопје, а воопшто речиси не инвестира во ниту еден друг регион. Во време кога законот утврдува дека сите региони треба рамномерно да се развиваат, тоа можеме да го кажеме и другите министерства, дури некој од министрите си зема за право парите да ги искористи за местата од каде што доаѓаат самите, од каде што потекнуваат, меѓутоа ова треба да го имаме во предвид и министерот треба да го има во предвид тоа дека Законот треба да се спроведе онака како што е донесен во 2007 година. Затоа што сите овие структури што се создадени од самите региони имаат потенцијал и можат на

многу поефикасен начин да ги искористат односно да ги распределат средствата по населените места, било да се тие урбани, рурални, или пак во населените места, со специфични барања како што се предвидени исто така во законот. Исто така, сигурно дека ова што го говориме денес нема да важи за овој ребаланс сепак даваме можност за Буџетот за 2015 година оваа работа да се коригира и да може да се имплементира од 2015 година. И додека сум кај унапредувањето на животната средина, мислам дека 20 години со ред сме добивале средства од Европската унија, од разни фондови, од разни здруженија средства за заштита на животната средина.

Во 2010 година се донесе Законот за јавна чистота и министрите во тоа време и министерот за транспорт и министерот за заштита на животната средина не поканија сите нас градоначалници на општините да ги отстраниме сите диви депонии и да го спроведеме законот. Беше ангажирана и машинерија и средства и од локалната и од централната власт и прашањето на таа средба беше, сите овие диви депонии каде ќе ги префрлиме, каде ќе ги собираме, во која легална депонија во Република Македонија. Затоа што ние освен Дрисла немаме ниту една друга законска, легална депонија во која што општините и граѓаните ќе можат да го фрлат урбаниот отпад или пак домашниот. Ние од ден на ден се повеќе ја загадуваме Македонија, ги загадуваме нашите населени места затоа што на секој дел од патот или периферииите на градовите ние имаме сеуште диви депонии. Значи, немаме сеуште легални депонии, а кои што негативни појави треба да се елиминираат што е можно побрзо. Овие работи сигурно дека за овие работи има средства и му сугерирам на министерот за финансии во Буџетот од 2015 година да предвиди дислокација на многу диви депонии односно да предвиди градење на легални депонии.

Повторно ќе се навратам на истото, а да се реализира една таква мерка повторно да се вратиме кај рамномерниот регионален развој, кај центрите за рамномерен регионален развој каде што ние треба да дискутираме со градоначалниците за тоа каде ќе се изгради општинска депонија, регионална депонија или пак поголема депонија која што ќе биде сигурно заеднички интерес за сите. Денес Македонија се гуши во отпад, жалам што го кажувам ова и никој од нас не го согледува тоа, не ги гледа параметрите, не ја гледа околината, местото каде што живее секој ден. Затоа што ние и следните генерации за ова ќе не осудат.

Нема да навлегувам во говорите на другите говорници кои што кажуваа големи бројки, јас во мојата дискусија говорев малку во таа насока, меѓутоа врската со децентрализацијата со локалниот економски развој, со рамномерниот регионален развој, имаме осум региони, имаме секаков вид на структура која може да биде активна и да работи со заштита на животната средина, со инвестиции и во образованието што е повеќе од потребно, мислам дека овој ребаланс, знам дека тоа денес нема да го заврши овој ребаланс, меѓутоа следниот буџет треба д биде насочен во таа насока. И што мене ме поттикна да дискутирам особено аа рамномерниот регионален развој е следното, увидов дека некаде сите региони за 2015 и за 2016 година се предвидени не повеќе од 1 милион евра. пресметајте наспроти 60-70 милиони евра кои што се со закон доделени и припаѓаат на регионите.

Без да ви одземам многу време ние на крај сме со дискусиите, јас ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Еве интересна дискусија имаше колегата Рамис Мерко во врска со рамномерниот регионален развој и финансирањето на единиците на локалната самоуправа, тука очигледно јас и тој со нашите лични искуства сериозно се разликуваме околу погледот како функционираат единиците на локалната самоуправа. Прв податок што би сакал да го споделам со господинот Мерко е дека токму во време на оваа Влада буџетите на единиците на локалната самоуправа се зголемени за повеќе од три пати. Зборувам за апсолутна сума на средства со кои располагаат единиците на локалната самоуправа. Тоа се должи на многу фактори, но исто така се должи и на факторот Собрание на Република Македонија кој што со низа закони овозможи по предлог на Владата дел од средствата кои до сега оделе само во државниот буџет да се сливаат во буџетите на локалната самоуправа. Од продажба на градежно земјиште, за лиценци и такси за минерални суровини, сега и од продажба на земјоделско земјиште, дел од средствата ќе одат во единиците на локалната самоуправа, тоа е прв момент.

Втор момент, јас имам чувство дека единиците на локалната самоуправа зборам генерално, не сакам на никого да посочам, не баш дисциплинирано работат во смисла на прибирање на локалните даноци. Знаете, господине Мерко вие всушност и подобро знаете од мене, сте биле градоначалник. Лесно е да барате од Владата да ви даде пари, но тешко е вие сами да ги соберете парите за кои што имате законска обврска. Овој Парламент ги задолжил градоначалниците во Република Македонија да собираат данок на имот, или данок на продажба на имот, итн. И посебно за данокот на имот. Ај тоа што сите општини ги таксаат по најниската ставка ајде, но ние имаме повеќе од две третини од општини во Република Македонија кои што не наплаќаат ни 60% од данокот на имот. Имам чувство дека некои од градоначалниците и свесно го прават тоа господине Рамис Мерко, а во исто време бараат пари од централниот буџет. и тоа како Собрание на Република Македонија

како луѓе кои што одговараме за целокупното финансирање на сите институции во државата мислам дека е некоректно, заради тоа што не може да бараме од централната власт и централните институции да ги исполнуваат своите законски обврски некогаш во немилост на граѓаните, а истото да не го бараме од локалните институции, во исто време.

Би ве потсетил дека огромни средства преку програмите од Министерството за транспорт и врски за водоводи, за канализации, преку програми од Министерството за земјоделие и рурален развој, преку програми од Министерството за култура преку кои се финансираат огромен број на локални манифестации, огромни средства завршуваат во единиците за локалната самоуправа.

На крај Министерството за култура кое што го спомнавте во општина Струга ја изгради спомен куќата на Мустафа Кемал Ататурк во село Коџаџик. Еве една информација за да ви покажам дека не е доволно сте погледнале во податоците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мерко Рамис има контра реплика, повелете.

**Мерко Рамис:** Јас ги разбрав сите ваши процени, меѓутоа какви средства можат да соберат 60% руралните општини или пак сите рурални општини, од кој ќе собираат средства. Сигурно дека се претерани зборовите за оние општини каде што навистина нема ниту градежно земјиште, не издаваат ниту дозволи за градење затоа што не се гради таму, ниту пак можат да изградат некој пат или пак да собираат даноци или такси затоа што се толку мали општини што не можат да создадат никаков буџет барем ниту за двајца вработени, а камоли за 5 или 10. Што се однесува до министерствата јас точно реков, постои закон за рамномерен регионален развој. Министерствата да не ги чуваат парите за себе, туку да ги доделат на центрите за рамномерен регионален развој затоа што само на тој начин нема да не критикува опозицијата дека сме инвестирале овде или онде, туку 1% од бруто домашниот производ на државата да се додели на регионите односно општините.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на буџетот да гласаме во целина освен, за разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија, разделот 02013 наменет за Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кои, согласно Законот за државна ревизија, Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) и Законот за Народниот правобранител, Собранието гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предлогот вкупно гласа 71 пратеник. Од нив за предлогот гласаа сите 71 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По разделот вкупно гласа 71 пратеник. Сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Разделот 02013 наменет за Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По разделот вкупно гласа 71 пратеник. Сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека разделот 02013 наменет за Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна е усвоен.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По разделот вкупно гласа 70 пратеник. Сите 70 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По Предлогот за изменувње и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година вкупно гласаа 71 пратеник. Сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2014 година.